# ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет на Законот**

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат мерките за остварување на родовата еднаквост, примената на родовата интеграција, надлежностите и обврските на субјектите одговорни за спроведување на законот, родовите механизми и заштита од дискриминација по основ на род и начинот на следење и известување за резултатите од спроведувањето на законот.

**Цел на Законот**

**Член 2**

Целта на овој закон е да се обезбеди остварување на потполна родова еднаквост во сите сфери на јавниот и приватниот живот со зајакнување на положбата и статусот на жената во општеството и овозможување на еднакви можности за остварување на сите права преку унапредување на родовата еднаквост.

**Примена на Законот**

**Член 3**

(1) Овој закон се применува од страна на сите државни органи, органите на единиците на локалната самоуправа и правните лица со јавни овластувања кои вршат дејности од јавен интерес и други правни лица од јавниот и приватниот сектор (во натамошниот текст: субјекти на законот).

(2) Одредбите од овој закон се применуваат во областите на:

1) работа и работни односи;
2) образование и наука;
3) социјална сигурност, социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување;
4) здравствена заштита и здравствено осигурување;
5) домување;
6) економија и финансии;
7) членување и дејствување во политички партии, здруженија, фондации, синдикални или други организации засновани на членство;
8) правосудство и управа;
9) одбрана и безбедност;
10) јавно информирање и медиуми;
11) дигитализација и информатички технологии;
12) пристап до добра и услуги;
13) култура;
14) спорт и рекреација;
15) земјоделство;
16) заштита на животната средина и справување со климатските промени; и
17) сите други области од јавниот и приватниот живот.

(3) Субјектите од став 1 на овој член, имаат обврска да преземат мерки за унапредување на родовата еднаквост во рамки на својата работа.

(4) Одредбите од глава 3 и 4 на овој закон може да се применуваат од страна на сите други правни, и физички лица кои се работодавачи, а кои не се опфатени со одредбата од став 1 на овој член.

**Дефиниции**
**Член 4**

(1) Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) „Родова еднаквост“ подразбира еднаквост на жените, мажите и луѓето со разновидни родови идентитети во видливоста, вреднувањето, одговорноста, третманот, можностите, учеството, пристапот и контролата врз ресурсите и моќта во сите сфери на јавниот и приватниот живот.

2) „Пол“ ги подразбира физичките карактеристики на поединецот (репродуктивен систем, хромозоми, хормони) според кои се назначува полот кој на поединци им се определува при раѓањето, врз основа на комбинација на телесни карактеристики и внатрешни репродуктивни органи;

3„Род“ ги подразбира општествено конструираните улоги, однесувања, активности и атрибути што дадено општество ги смета за соодветни за жените и за мажите;

4)„Родов идентитет“ се однесува на внатрешното и индивидуално доживување на сопствениот родот што секое лице длабоко го чуствува за себе, што може но и не мора да соодејствува на полот што му е определен при раѓање, како и личното доживување на сопственото телото и поинакво изразување на родот, вклучително име, облека, говор, манири и дуго

5) „Дискриминација врз основа на пол и род“ е секое разликување, исклученост или ограничување по основ на пол ирод што влијае на, или има за цел да го попречи или поништи признавањето, уживањето или остварувањето на човековите права и основни слободи на жените во политичката, економската, социјалната, културната, граѓанската или која било друга сфера, независно од нивниот брачен статус, и врз основа на еднаквоста на мажите и жените.
6) „Родова интеграција“ е институционална трансформација со цел вклучување на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на процена, развивање, донесување, спроведување, следење, оцена и известување за политиките во сите области и на сите нивоа, со цел остварување на родовата еднаквост и спречување на продлабочувањето на родовите нееднаквости.

8) „Родови индикатори“ се алатки за следење на родовите разлики, промените што настануваат низ времето и што се врзани за родовите и напредокот кон постигнувањето на целите на родовата еднаквост.

9) „Потполна еднаквост“ е еднакво фактичко уживање на граѓанските, политичките, економски, социјални, културни и солидарносни права, еднаква моќ, еднаква распределба на општествените добра и korиста од нив помеѓу жените и мажите во сите сфери на приватниот и јавниот живот.

10) „Родово балансирано учество“ е процентуална застапеност на жените и мажите во сите сфери на јавниот и политичкиот живот која не е помала од процентот на застапеноста на тој пол во вкупната популација.

11) „Родови алатки“ се пристапи, активности, мерки и процедури преку чија систематска и конзистентна примена се врши родова интеграција.

12) „Цели за родова еднаквост“ се промени кои се насочени кон намалување на родовите нееднаквости и остварување на родовата еднаквост.

13) „Мерки за родова еднаквост“ се сите регулаторни, административни, финансиски, фискални, информативни механизми и акции, формално воспоставени и спроведени од субјектите со цел да се воспостави овозможувачка околина, обврска или услуга за постигнување и одржување на потполна родова еднаквост.

14) „Родово-сензитивен јазик“ подразбира остварување на родовата еднаквост во пишаниот и говорниот јазик што се достигнува кога жените и мажите и илицата со разновидни родови идентитети стануваат видливи и опфатени со јазикот како луѓе со еднакви вредност, достоинство, интегритет и почит.

15) „Неплатена работа“ -работата со која се произведуваат добра или услуги, но за која не се добива никаков директен паричен надоместок или друга форма на исплата, како работата и грижата во домот.

16) „Родов јаз“ е разлика во било која област помеѓу жените и мажите во нивото на учество, пристап, права, надоместок и/или придобивки.

17) „Субјекти“ се сите државни органи, органи на едниците на локална самоуправа, правни лица со јавни овластувања и сите други правни лица.

18) „Родови механизми“ се Секретаријатот за родова еднаквост и неговите организациони единици и телата кои ги основа како Ресурсниот центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање и Советот за родова еднаквост, координаторите заменик координаторите за родова еднаквост во органите на државната управа, во Собранието на Република Северна Македонија на и во единиците на локалната самоуправа и комисиите за родова еднаквост во Собранието и во советите на единиците на локалната самоуправа.

19) „Легитимна и објективно оправдана цел“ е прецизно дефинирана цел која е потребна во демократско општество и која соодвествува со реалните потреби во конкретниот случај, а начините на нејзино остварување се однапред дефинирани и пропорционални.

20) „Пропорционалност“ означува дека една мерка е соодветна, неопходна и дека позитивниот ефект од мерката е поголем или поважен во одреден случај од ограничувањето на правата.

21) „Писмено“ подразбира хартиена форма или електронски документ создаден во текстуална форма, согласно Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

22) „Родови стереотипи“ се однапред создадени идеи со кои на жените и мажите произволно им се припишуваат одредени карактеристики и улоги одредени и ограничени од нивниот род.

23) „Родова предрасуда“ претставува став или чувство – независно дали позитивно или негативно, свесно или несвесно – што некој може да го има за припадниците за други групи, кое може да е засновано на однапред создадени идеи и под влијание на елементи како род, пол, родов идентитет, лични карактеристики и други фактори.

(2) Изразите што се употребуваат во овој закон чие значење не е дефинирано во став 1 на овој член, имаат значење утврдено со Законот за централен регистар на население, Законот за електронско управување и електронски услуги и Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

**Забрана и спречување на дискриминација**

**Член 5**

(1) Се забранува дискриминацијата во сите области на јавниот и приватниот живот.
(2) Не се сметаат за дискриминација мерките за родова еднаквост предвидени со глава 3 од овој закон.
(3) Спречувањето и заштитата од дискриминација се обезбедува согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, ако со овој закон поинаку не е определено.

**Член 6**

**Должно внимание**

„Државните органи, органите на единиците на локална самоуправа, правните лица со јавни овластувања, другите правни лица, функционерите, службениците и другите овластени лица кои извршуваат работи во име на државата имаат обврска да постапуваат со должно внимание при спроведување на овој закон и да се воздржат од преземање мерки и дејствија и од донесување одлуки кои се спротивни на целата и на начелата на овој закон“.

## II НАЧЕЛА НА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

**Сузбивање на родови стереотипи и предрасуди**

**Член 7**

Начелото на сузбивање на родовите стереотипи и предрасуди кои се засноваат врз идејата за инфериорност и стереотипните улоги на жените и мажите, подразбира обврска за креирање и спроведување на мерките и алатките за родова еднаквост од страна на субјектите на овој Закон

**Партиципативност**

**Член 8**

Начелото на партиципативност подразбира обврска за гарантирање на соодветни услови за еднаков пристап, целосно и ефикасно учество на жените и мажите во процесите на планирање, креирање и спроведување мерки и активности, како и во процесите на донесување одлуки на национално и локално ниво.

**Балансирано учество**

**Член9**

DRAFT

Начелото на балансирано учество ги обврзува субјектите на овој Закон да преземат мерки за постигнување и одржување на процентуална застапеност во сите сфери на јавниот и политичкиот живот на жените и мажите, која не е помала од процентот на застапеноста на тој пол во вкупната популација.

**Зајакнување на жените**

**Член 10**

Мерките и активности од овој закон овозможуваат зајакнување на жените, односно создавање на услови и овозможување на максимално користење на потенцијалите и капацитетите на жените.

**Соодветно приспособување и пристапност**

**Член 11**

Начелото на соодветно приспособување и пристапност претпоставува гарантирање на пристап до сите јавни добра и услуги во урбаните и руралните области, што вклучува физичко опкружување, транспорт, информации и комуникација, информатички и комуникациски технологии и системи за сите лица, особено интерсекционално поврзани со попреченоста.

**Интерсекционалност**

**Член 12**

Интерсекционалноста подразбира дека одредени групи на жени, мажи и лица со разновидни родови идентиети кои се дискриминирани врз основа нанивниот род или родов идентитет, истовремено може да се жртви и на различни други форми на дискриминација кои се базираат на дополнителни основи, како раса, етничка или верска припадност, попреченост, возраст, сексуална ориентација или други фактори.

## III МЕРКИ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

**Видови мерки**

**Член 13**

(1) За остварување на целите на овој Закон, се предвидуваат општи и посебни мерки кои се обврска на субјектите од член 3 став 1 на овој закон со цел за остварување и одржување на потполна родова еднаквост.
(2) Начинот на планирање, усвојување, и спроведување на мерките донесени од страна на субјектите од член 3 став 1 на овој закон како и следењето, оценувањето и известувањето за мерките и резултатите од нив, на предлог на Секретаријатот за родова еднаквост го пропишува Владата, со Уредба.
(3) Начинот на планирање, усвојување, и спроведување на мерките донесени од страна на Собранието на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Собранието) како и следењето, оценувањето и известувањето за мерките и резултатите од нив го уредува Собранието со посебен акт, согласно Деловникот на Собранието.
(4) Сите други правни лица и физички лица кои се јавуваат во својство на работодавачи можат во рамките на својата работа да применат една или повеќе од предвидените мерки и на тој начин да придонесат кон унапредување на родовата еднаквост.

**Општи мерки**

**Член 14**

(1) Општите мерки се мерки за постигнување и унапредување на родовата еднаквост пропишани со

закон во областите на член 3 став 2 од овој закон.

(2) Општи мерки се и мерките со кои се воведува системско вклучување на родовата еднаквост во процесот на креирање, спроведување и следење на политиките и буџетите во посебните општествени области вклучувајќи го извршувањето на функциите и надлежностите на субјектите од јавниот и приватниот сектор.

(3) Општите мерки вклучуваат и мерки утврдени со други акти како декларации, резолуции, стратегии и слично, чија цел е постигнување на потполна родова еднаквост.

(4) Општите мерки се преземаат за:
1) едукација и промовирање промени во општествените и културните ставови и однесувања на жените и мажите со цел искоренување на предрасудите, обичаите, традициите и сите други практики кои се засноваат врз идејата за инфериорност на жените или врз други стереотипи поврзани со родот и родовиот идентитет;
2) спречување и заштита од насилство врз жени и родово засновано насилство;
3) воспоставување на рамнотежа меѓу приватниот и професионалниот живот;
4) спречување и надминување на традиционалната неплатена работа на жени;
5) заштита на репородуктивно здравје, бременоста и мајчинството;
6) обезбедување заштита и слободен пристап до сексуалното и репродуктивно здравје и права;
7) воведување на задолжително, соодветно на возраста, сексуално образование во училишните наставни програми, вклучително и образование за правата поврзани со сексуално и репродуктивно здравје;
8) спречување и заштита од дискриминација заснована на пол, род и родов идентитет, вклучително и сексуално вознемирување;
9)) користење на родово-сензитивен јазик;
10) друго
(3) Општите мерки не може да се укинат.

**Посебни мерки**
**Член 15**

(1) Посебните мерки се преземаат со цел да се даде предност или да се надмине постоечката неповолна положба на жените, заради остварување на потполна родова еднаквост.

(2) Посебните мерки имаат легитимна и објективно оправдана цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно соодветни и неопходни.

(3) Посебните мерки нема да се сметаат за дискриминација, доколку се преземаат со единствена цел да се отстрани нееднаквоста, сè додека не се постигне фактичка еднаквост на лицата и групите согласно став 2 од овој член.

(4) Посебните мерки ќе се применуваат од страна на сите субјекти од член 3 став 1 на овој закон.

(5) Посебните мерки можат да бидат позитивни и охрабрувачки.

**Посебни позитивни мерки**
**Член 16**

(1) Посебни позитивни мерки се мерки со кои во исти или слични законски услови, а во зависност од фактичката нееднаквост, се дава предност на помалку застапениот пол, сè додека не се постигне целта заради која се преземени.

(2) Посебни позитивни мерки се:
воведување на квоти за постигнување на балансирано учество на жените и мажите во сите органи и

на сите нивоа во: законодавната, извршната и судската власт; органи на локалната самоуправа; други јавни установи и служби; во управувачките и извршните органи во јавните и приватните претпријатија; во политичките партии при вршењето на политичките функции, комисии и одбори; во телата што ја претставуваат државата на меѓународно ниво;

воведување на квоти за постигнување на балансирано учество на жените и мажите во различните области од член 3 став 2 од овој закон и

други мерки кои имаат за цел да обезбедат обврска за еднаква застапеност на жените и мажите во сите сфери на јавниот и приватниот живот.

**Посебни охрабрувачки мерки**

**Член 17**

Посебни охрабрувачки мерки се мерки кои обезбедуваат посебни поттикнувања или воведуваат посебни поволности и прилагодувања за групи жени и мажи со цел да се елиминираат околностите и пречките кои доведуваат до нееднакво учество и статус на еден наспроти друг пол или нееднаква дистрибуција на општествените добра и ресурси.

**Усвојување на посебни мерки**

**Член 18**

(1) Посебните мерки се усвојуваат од страна на субјектите од член 3 став 1 на овој закон.
(2) Посебните мерки се усвојуваат врз основа на анализи и опис на ситуацијата во кои живеат жените и мажите, како и факторите и околностите кои придонесуваат за нееднаквоста во кои е содржана оправданоста за примената на таквите мерки, вклучително и влијанието кои овие мерки ќе ги постигнат врз нивните животи и можности.
(3) Субјектите од член 3 став 1 на овој закон на овој член кои усвојуваат привремени мерки, донесуваат предлог план за спроведување на овие мерки по претходно добиено позитивно мислење од Советот за родова еднаквост.
(4) Предлог планот за имлементација на мерките од страна на субјектите од член 3 став 1 на овој закон се доставува до Секретаријатот за родова еднаквост на мислење најдоцна до крајот на месец април за наредната тековна година.
(5) Предлог планот се доставува во писмена форма, електронски, преку пошта или директно во архивата на Секретаријатот за родова еднаквост.

(6) Секретаријатот за родова еднаквост дава мислење за предлог планот за имплементација на мерките во рок од 60 дена од денот на приемот на планот.

## IV РОДОВА ИНТЕГРАЦИЈА

**Надлежни субјекти за примена на родовата интеграција**

**Член 19**

(1) Сите субјекти од член 3 став 1 на овој закон се надлежни за примена на родовата интеграција согласно одредбите на овој закон.
(2) Родовата интеграција се спроведува со примена на родовите алатки во член 19 од овој закон.
(3) Начинот на примена и користење на родовите алатки на член 19 од овој закон на предлог на Секретаријатот го пропишува Владата, со Уредба.
(4) Сите субјекти од член 3 став 1 на овој закон ја применуваат Уредбата за родова интеграција од став 3 на овој член.

**Родови алатки**
**Член 20**

(1) За спроведување на родовата интеграција субјектите од член 3 став 1 имаат обврска да ги користат следните родови алатки.

1) родова анализа, односно испитување на разликите во условите, потребите, учеството, пристапот до и контролата на ресурси, моќта на одлучување и придобивките од развојот помеѓу жените и мажите според општествено-одредените родови улоги и според други аспекти на родовите разлики во определен контекст;

2) проценка на родово влијание, односно анализа ефектот на политиките во намалувањето, одржувањето или зголемувањето на родовата нееднаквост;

3) родово планирање, односно вклучување на родовата еднаквост како клучен критериум при планирањето и развивањето на политиките;

4) прибирање, анализирање и употреба родово-разделени податоци, односно податоци разделени по пол, род и родов идентитет;

5) собирање, анализирање и објавување на родова статистика, односно статистички податоци со цел прикажување на родовите разлики и нееднаквости во сите области.

6) родово-сензитивни јавни набавки, односно спроведување на јавните набавки имајќи го предвид нивното севкупно влијание врз родовата еднаквост, вклучително и при евалуацијата на примените понуди;

7) родова ревизија, односно проверка и оценка на институционализацијата на родовата еднаквост на организациско ниво, вклучително и во политиките и услугите, како и во структурите, процесите и буџетите;

8) родово одговорен мониторинг и евалуација, односно систематско и објективно следење, проценка на напредокот во спроведувањето и оценка на резултатите од политиките од родова перспектива, врз основа на утврдени родови индикатори;

9) родови консултации, односно консултации во кои се почитува начелото на партиципативност при планирањето и спроведувањето на политиките со цел да се земат предвид потребите и искуствата на и на женитеи на мажите;

10) градење на капацитети, однсоно, континуирана едукација со цел стекнување знаења, вештини и вредности потребни за развој, примена и оценување на политиките за остварување на родова еднаквост; и

11) подигнување на свесност, односно зголемување на општото разбирање и знаење за родовата еднаквост, родот, родовите идентитети, родовите улоги и родовите нееднаквости.

**Родово одговорно буџетирање**
**Член 21**

(1) Субјектите од член 3 став 1 на овој закон имаат обврска да спроведуваат родово одговорно буџетирање, во согласност со Законот за буџетите.

(2) Родово одговорно буџетирање е процена на буџетите од родова гледна точка, вклучувајќи ја родовата перспектива на сите нивоа од буџетските процеси, планирање и преструктуирање на приходите и расходите со цел остварување на родовата еднаквост.

## V СУБЈЕКТИ ОДГОВОРНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И РОДОВИ МЕХАНИЗМИ

**Член 22**

(1) Субјектите од член 3 став 1 на овој закон се должни:

- во рамки на своите буџети да планираат и да обезбедат средства за спроведување на надлежностите и обврските утврдени со овој закон;
- да обезбедат спроведувањето на законот да го вршат стручни лица, обучени за спроведување на надлежностите и обврските утврдени со овој закон.

(2) Субјектите од член 3 став 1 на овој закон и родовите механизми имаат обврска:
редовно да соработуваат, да даваат информации и да го известуваат Секретаријатот за родова еднаквост (во понатамошниот текст: Секретаријатот) во врска со спроведувањето на овој закон;
да доставуваат родово разделени податоци и родова статистика на Државниот завод за статистика, на годишно ниво и на барање на Заводот.

**Собрание на Република Северна Македонија**
**Член 23**

(1) Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Собранието) во рамките на своите надлежности утврдени во Уставот на Република Северна Македонија и Деловникот на Собранието ги врши следниве работи:
   1) разгледува и донесува закони, други акти, политики и јавни финансии со анализа и процена на родовото влијание од нив;
   2) Ја унапредува и промовира родова еднаквост во рамките на Собранието со користење на родови алатки во внатрешните политики и процедури и преку усвојување, спроведување и следење на мерките за родова еднаквост;
   3) организира јавни дебати и расправи за прашања од областа на родовата еднаквост;
   4) разгледува извештаи од надлежните институции, дава препораки и утврдува мерки со рокови за спроведување на препораките во однос на родовата еднаквост од различни области кои ги доставува до Владата на надлежно постапување;
   5) собира, анализира и објавува родово-разделени податоци и родова статистика на годишно ниво во врска со својата работа и
   6) врши други работи за спроведување на мерките и родовата интеграција утврдени со овој закон.

(2) Собранието основа и го определува составот и надлежностите на Комисија за родова еднаквост како постојано работно тело на Собранието.

(3) За следење на спроведувањето на планот од член 23 став (1) точка 3) од овој закон, Собранието изработува Годишен извештај најдоцна до 31 март во тековната за претходната година и го објавува на својата веб - страница.

(4) При составот на работните тела и на анкетните комисии, на постојаните делегации во меѓународните парламентарни собранија, повремените делегации на Собранието и пратеничките групи за соработка со другите парламенти, Собранието го применува начелото на балансирано учество од членот 8 од овој закон.

(5) Собранието, на предлог на Владата, ја донесува Стратегијатата за родова еднаквост за период од шест години.

(6) Собранието го разгледува и усвојува Годишниот извештај за постигнатите резултати од спроведувањето на Стратегијата за родова еднаквост доставен од Владата согласно член 24 од овој закон и дава препораки и утврдува мерки со рокови за подобрување на состојбата со родовата еднаквост од различни области до Владата на надлежно постапување.

(7) Собранието ги разгледува на посебна седница на Собранието најмалку еднаш годишно прашањата за унапредување и промовирање на родовата еднаквост.

(8) За вршење на стручните работи и координација во врска со остварувањето на родовата еднаквост Собранието во актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во Службата на Собранието систематизира работно место на собраниски службеник, координатор за родова еднаквост и заменик координатор за родова еднаквост (во натамошниот текст: координатор и заменик на координатор).

**Комисија за родова еднаквост во Собранието**

**Член 24**

Комисијата за родова еднаквост ги има следниве надлежности:

1) разгледува предлог закони и други прописи што ги донесува Собранието и дава мислења од аспект на родовата еднаквост;
2) иницира донесување и изменување на закони и други прописи од важност за родовата еднаквост;
3) подготвува во соработка со другите работни тела на Собранието двегодишен Предлог - план за родово сензитивно Собрание и истиот го усвојува;
4) подготвува во соработка со другите работни тела на Собранието Годишен извештај за следење на спроведувањето на планот од став 3 на овој член;
5) покренува иницијативи и промовира активности за општествени и културни промени со цел искоренување на предрасудите, стереотипите, обичаите, традициите и сите други штетни практики во остварување на родовата еднаквост;
6) изработува и спроведува Годишен план на седници, надзорни расправи и тематски настани за родова еднаквост најдоцна до 31 декември во тековната за наредната година;
7) разгледува и носи заклучоци за унапредување на родовата еднаквост по тематски извештаи доставени од субјектите одговорни за спроведување на овој закон;
8) воспоставува соработка со комисиите за родова еднаквост во единиците на локалната самоуправа, здруженијата на работодавачите, синдикатите, здруженијата и фондациите, како и соодветните комисии на другите земји во областа на родовата еднаквост и
9) презема други активности со цел унапредување на родовата еднаквост.

DRAFT

**Координатор за родова еднаквост во Собранието**
**Член 25**

(1) Координаторот од член 23 став 8 од овој закон ги врши следните работи:
1. координира, насочува и дава експертска поддршка за креирање на политики за унапредување на родовата еднаквост;
2. дава насоки за унапредување на родовата еднаквост во работата на Собранието до органите и телата на Собранието;
3. дава предлози до Комисијата за родова еднаквост за изработка на студии, анализи и извештаи поврзани со родовата еднаквост од Парламентарниот институт и Буџетската канцеларија;
4. дава мислење за усогласеноста на политиките и законите кои ги разгледува Собранието со целта на овој закон и дава препораки до Комисијата за родова еднаквост;
5. соработува со пратениците и работните тела на Собранието со цел преземање мерки и активности за унапредување на родовата еднаквост;
6. учествува во изработката на планот од член 23 став 1 точка 3, го следи и дава насоки за негово спроведување;
7. го изработува извештајот од член 23 став 3 во соработка и со поддршка на другите организациони единици кои ги обезбедуваат потребните податоци;
8. обезбедува координација и соработка помеѓу сите органи и тела на Собранието во спроведувањето на глава 5 од овој закон;
9. ги координира активностите за јакнење на капацитетите за примена на овој закон и подготвува годишен план за обуки за родова еднаквост на Собранието;
10. го обезбедува објавувањето и дистрибуцијата на информациите поврзани со примената на овој закон;
11. соработува со Секретаријатот, учествува во меѓуресорски работни групи, работни координативни состаноци, соработуваат со органите на државна управа, едниците на локална самоуправа, здруженијата на граѓани и со другите субјекти; и
12. врши други работи во согласност со овој закон.

(2) Координаторот, може да делегира задачи на заменикот од член 22 став 8 од овој закон и го вклучува во спроведувањето на задачите од став 1 од овој член.
(3) Заменикот за остварувањето на задачите од став 1 од овој член одговара на Координаторот.

**Влада на Република Северна Македонија**
**Член 26**

Владата ги врши следните работи:
1) формира Секретаријат за родова еднаквост за хоризонтална и вертикална координација на органите на државната управа, како и за вршење на други стручни работи од областа на родовата еднаквост;
2) ги усогласува законите и прописите со овој закон, за што обезбедува стручни мислења и предлози од Секретаријатот и им дава насоки за усогласување на законите и прописите на надлежните органи и тела;

DRAFT

3) утврдува приоритетни цели за унапредување на родовата еднаквост за сите стратешки приоритети утврдени во годишната Одлука на Владата за утврдување на стратешки приоритети, на предлог на Секретаријатот;

4) врши родова интеграција на подзаконските акти и методологиите со кои се уредува стратешкото планирање и проценката на влијанието на регулативата;

5) ги задолжува министерствата и другите органи на државна управа да ги усогласат своите нацрт- стратешки планови со стратешките приоритети и цели на Владата за унапредување на родовата еднаквост и подзаконските акти и методологиите за стратешко планирање и проценка на влијанието на регулативата;

6) разгледува, дава насоки и заклучоци за родовата интеграција во програмите содржани во стратешките планови на министерствата, усогласеноста на приоритетните цели во стратешките и годишните планови, извештаите од спроведувањето на програмите и буџетите на министерствата, напредокот и влијанието од истите врз родовата еднаквост;

7) презема мерки и активности во рамки на своите надлежности во случај кога извршувањето на законите и другите прописи или утврдената развојна и економска политика и мерките за остварување на таа политика имаат негативни ефекти или ефект на стагнација врз родовата еднаквост;

8) обезбедува балансирано учество на жените и мажите во составот на Владата, на нејзините работни тела и делегации и при именувањето на членови во управните одбори на јавните претпријатија и установи и еднаш годишно објавува родово разделени податоци и родова статистика на својата веб страна;

9) усвојува шестгодишна Национална Стратегија за родова еднаквост, на предлог на Секретаријатот, и истата ја доставува за усвојување и до Собранието, во прилог со извештајот за спроведувањето на претходната стратегија, најдоцна една година пред истекот на периодот на кој се однесува претходната стратегија;

10) усвојува тригодишни акциски планови на Стратегијата за родова еднаквост, на предлог на Секретаријатот, најдоцна во рок од еден месец пред истекот на периодот за кој се однесува акцискиот план;

11) разгледува, усвојува и ги доставува до Собранието извештаите за спроведување на акциските планови на Стратегијата за родова еднаквост, најдоцна во рок од три месеци од истекот на периодот за кој се однесува акцискиот план;

12) усвојува и доставува до Собранието годишен Извештај за спроведување на овој закон, најдоцна до 31 јули во тековната година за претходната година;

13) континуирано ја следи состојбата за унапредување на родовата еднаквост во сите области од член 3 став 1 од овој закон;

14) ја следи примената и користењето на родовите алатки од член 19 на овој закон;

15) постапува по препораките и мерките за унапредување на родовата еднаквост доставени од

Собранието согласно член 23 став 1 точка 4 од овој закон и го известува Собранието за постигнатите резултати на годишно ниво; и

16) врши други работи во согласност со глава 3 и 4 од овој закон.

**Секретаријат за родова еднаквост**
**Член 27**

(1) Секретаријатот ги врши следните работи:

1) обезбедува хоризонтална и вертикална координација на субјектите и родовите механизми за спроведување на овој закон и вршење на други работи поврзани со остварувањето на целта на законот;
2) го следи усогласувањето на политиките со овој закон и дава стручни мислења, предлози и насоки за усогласување на политиките на Владата;
3) обезбедува стручна поддршка на работата на сите механизми за родова еднаквост во спроведувањето на овој закон;
4) доставува иницијативи и предлози до Владата и надлежните министерства за донесување или изменување и дополнување на законите и другите политики од значење за родовата еднаквост и политиките кои треба да се усогласат со овој закон;
5) соработува со здруженијата, фондациите и неформалните групи за родова еднаквост и социјалните партнери;
6) формира Совет за родова еднаквост како советодавно тело за воспоставување соработка и прибирање на мислења и предлози за политики и мерки за унапредување на родовата еднаквост;
7) подготовува и објавува анализи, истражувања, информации, извештаи и други документи поврзани со родовата еднаквост преку Ресурсниот центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање од член 26 на овој закон;
8) дава стручно мислење за политиките на единиците на локална самоуправа од родов аспект по барање на Министерството за локална самоуправа или по сопствена иницијатива;
9) го координира процесот и го изработува предлогот на Стратегијатата за родова еднаквост и тригодишните акциски планови;
10) ги разгледува и дава мислење по оперативните годишни планови на министерствата и другите органи на државна управа и по извештаите за нивното спроведување;
11) го изработува извештајот од спроведувањето на Стратегијата за родова еднаквост кој содржи евалуација и процена на постигнатите резултати согласно член 25 став 1 точка 9, во соработка со другите субјекти и родови механизми кои ги доставуваат потребните информации и податоци;
12) го изработува извештајот од спроведувањето на акциските планови од Стратегијата согласно член 24 став 1 точка 11, во соработка со другите субјекти и родови механизми кои ги доставуваат потребните информации и податоци;
13) ги разгледува и дава мислење по годишните извештаи на субјектите од член 30 став 1 точка 5, и член 36 став 1 точка 8 од овој закон;
14) изработува годишен извештај за спроведувањето на овој закон согласно член 26 став 1 точка 12;
15) донесува Правилник за формата и содржината на извештајот на органите на државната управа од член 30 став 1 точка 5 и на извештајот на единиците на локалната самоуправа од член 36 став 1 точка 8;
16) го следи спроведувањето на меѓународните договори од аспект на родовата еднаквост и

меѓународните договори за родова еднаквост, во соработка со Министерството за надворешни работи;
17) подготвува национални извештаи за спроведувањето на меѓународните обврски од страна на Република Северна Македонија во областа на родовата еднаквост;
18) обезбедува координација и соработка со меѓународните партнери и донаторите во врска со остварувањето, унапредувањето и промовирањето на родовата еднаквост во соработка со Секретаријатот за европски прашања
19) обезбедува стручна поддршка на Владата во остварување на надлежностите од член 24 од овој закон;
20) води регистар на обучени лица за спроведување на почетна и континуирана едукација за родова еднаквост;
21) врши надзор над спроведувањето и примената на овој закон;
22) ги унапредува капацитетите на субјектите и родовите механизми за спроведување на овој закон, и
23) врши други работи во согласност со овој закон.

(2) Со Секретаријатот раководи заменик претседател на Влада за родова еднаквост.
(3) Внатрешната организација на работата на Секретаријатот се уредува со Правилник кој го донесува раководното лице на Секретаријатот.
(4) Формата, содржината и начинот на водење на регистарот од ставот 1 точка 20 на овој член ги пропишува Владата со Уредба, на предлог на Секретаријатот.

**Член 28**
**Постапка за донесување на Годишна програма и Годишен план за обуки за родова еднаквост**

(1) Секретаријатот подготвува Предлог - **годишна програма/план** за обука за родова еднаквост, најдоцна до 1 март.
(2) При подготвка на Предлог - Годишната програма за обуки за родова еднаквост, Секретаријатот ги зема предвид анализите со кои располага, проценката на потребите на родовитемеханизми на централно и локално ниво.
(3) Координаторот за родова еднаквост, на секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, му предлага Годишен план за обуки за родова еднаквост за вработените во субјекто.т
(4) Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, по прифаќање на Годишниот план за обуки за родова еднаквост, го доставува на Секретаријатот за родова еднаквост, најдоцна до 30 април.
(5) Содржината и формата на годишната програма и план од ставите (1) и (3) на овој член на предлог на Секретаријатот ги пропишува Владата со Уредба.

**Ресурсен центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање**
**Член 29**
(1) Ресурсниот центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање (во понатамошниот текст: Ресурсниот центар) е организациона единица на Секретаријатот која обезбедува зајакнување и следење на капацитетите за родова еднаквост и за спроведување на овој закон на родовите механизми и субјектите.
(2) Ресурсниот центар ги врши следните работи:
1. континуирано ги следи потребите за унапредување на капацитетите за родова еднаквост на родовите механизми и субјектите;

2. контининуирано и навремено ги јакне капацитетите на координаторите за родова еднаквост и замениците, со цел оспособување за спроведување на овој закон;
3. изработува планови, програми и прирачници за обуки за родова еднаквост и за родово одговорни политики и буџетирање;
4. подготвува Годишен план за обуки врз основа на процена на потребите на родовите механизми и субјектите кој содржи информации за бројот и видот на обуки, целите и времетраењето на обуката и опфатот на целните групи;
5. организира и спроведува обуки за градење на капацитетите на родовите механизми и субјектите врз основа на Годишен план за обуки од точка 4 од овој став преку обучувачи евидентирани во регистарот на Секретаријатот за родова еднаквост ;
6. спроведува и објавува истражувања и анализи за родово одговорни политики и буџетирање и обезбедува други ресурси за родова еднаквост на родовите механизми и субјектите; и
7. обезбедува менторство и поддршка за вклучувањето на родовата перспектива во управувањето со јавните финансии, стратешкото планирање и креирање на секторски политики; и
8. врши други работи во согласност со овој закон.

(3) Работата на Ресурсниот центар се уредува со Уредба за утврдување на нормативите и стандардите за работа на центарот која ја донесува Владата.

(4) До формирањето на Секретаријатот, Ресурсниот центар е дел од организациона единица на МТСП.

**Совет за родова еднаквост**

**Член 30**

(1) Советот за родова еднаквост (во понатамошниот текст: Советот) се формира со Одлука на Влада.

(2) Со Советот раководи заменик претседателот на Влада задолжен за родовата еднаквост.

(3) Заменик претседателот на Владата задолжен за родова еднаквост по функција е член на Советот.

(4) Советот има 15 членови: по еден претставник од Комисијата за родова еднаквост и од Клубот на жени пратенички од Собранието, Народниот правобранител и од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Заедницата на единиците на локалната самоуправа, пет претставници од здруженијата на граѓани и фондации кои работат во областа на родовата еднаквост, двајца претставници од академската заедница, двајца претставници од медиумите и здруженијата на медиумите.

(5) Мандатот на членовите на Советот е 4 години.

(6) Секретаријатот објавува јавен повик на својата веб страна за избор на членовите на Советот од редот на здруженијата, академската заедница и медиумите.

(7) Кандидатите за членови на Советот од став 4 на овој член ги исполнуваат следните услови:

- да поседуваат најмалку пет години професионално искуство од областа на родовата еднаквост; и
- да имаат докажан придонес во унапредувањето на родовата еднаквост

(8) Советот ги врши следните работи:

-дава мислења, предлози и препораки за политиките и практиките на субјектите со цел унапредување на родовата еднаквост на барање на Секретаријатот или по сопствена иницијатива;

-ги разгледува извештаите на Владата од член 26 став 1 точка 9, 11 и 12 и дава препораки за унапредување на состојбите; и

-усвојува годишен извештај за својата работа за претходната година, што го објавува на веб страницата на Секретаријатот;

(9) Советот донесува Деловник и годишна Програма за работа.

(10) За вршење на административно - техничките работи на Советот, заменик претседателот на Влада за родова еднаквост назначува секретар на Советот, од редот на вработените во Секретаријатот, кој има најмалку три години искуство во областа на родовата еднаквост.

(11) Надоместок за работата и вршењето на административно - техничките работи на советот се обезбедуваат во рамките на буџетот на Секретаријатот за родова еднаквост.

(12)Членовите на Советот имаат право на годишен надоместок во висина просечната месечно исплатена нето-плата по вработен за претходната година на ниво на Република Северна Македонија.

(13)Секретарот на Советот има право на годишен надоместок во висина од 1/2 од просечната месечно исплатена нето-плата по вработен за претходната година на ниво на Република Северна Македонија.

(14)Надоместокот не може да изнесува повеќе од наведените надоместоци во ставовите 12 и 13 на овој член. За присуство на седниците секретарот води евиденција и согласно со бројот на седници на кои присуствувале, се исплаќа надоместокот.

DRAFT

(15) Информациите за работата на Советот се објавуваат на веб страната на Секретаријатот.

**Министерства и други органи на државна управа**
**Член 31**

(1) Министерствата и другите органи на државната управа во рамки на своите надлежности ги вршат следните работи:
   1) ја следат и унапредуваат состојбата со родовата еднаквост во областите за кои се надлежни преку примена и користење на родовите алатките;
   2) утврдуваат приоритети, цели, показатели на напредок, мерки и активности за остварување на родова еднаквост во политиките од нивна надлежност;
   3) планираат, спроведуваат, следат, оценуваат и известуваат за мерките и алатките за родова еднаквост кои ги презеле во согласност со глава 3 и 4 од овој закон;
   4) известуваат за напредокот, резултатите и влијанието од спроведувањето на политиките врз родовата еднаквост во рамките на своите годишни извештаи;
   5) доставуваат годишен извештај за спроведување на обврските согласно овој закон до Секретаријатот и го објавуваат на својата веб страница најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година согласно Правилникот од член 27 став 1 точка 15;
   6) подготвуваат и објавуваат тематски извештаи за родовите аспекти на тековни прашања и за промени во политиките во нивна надлежност;
   7) подготвуваат годишен план за обуки за родова еднаквост за сите вработени;
   8) донесуваат годишни оперативни планови за спроведување на акциските планови на Стратегијата за родова еднаквост, најдоцна до 31 декември за наредната година;
   9) подготвуваат годишни извештаи за спроведување на оперативните планови од точка 8 од овој став и ги доставуваат до Секретаријатот, најдоцна до 31 декември за претходната година; и
   10) вршат други работи во согласност со глава 3 и 4 од овој закон.

(2) За вршење на стручните работи и координација во врска со остварувањето на родовата еднаквост согласно одредбите од овој закон, министерствата и органите на државната управата систематизираат посебно работно место Координатор за родова еднаквост (во понатамошниот текст: Координатор) согласно Законот за административни службеници.

(3) Координаторот од став 2 на овој член покрај општите и посебните услови за административен службеник предвидени во Законот за административни службеници треба да ги исполнува и следните посебни услови:
   -да има најмалку 3 години професионално искуство во спроведување активности за унапредување на родовата еднаквост; и
   - да има искуство во креирање и/или анализирање на јавни политики и стратешки документи.

(4) Заменик координатор за родова еднаквост се назначува од редот на вработените од категориите Б или В согласно Законот за административни службеници.

**Координатор за родова еднаквост во министерства и други органи на државна управа**
**Член 32**

(1) Координаторот од член 31 став 2 од овој закон ги врши следните работи:
   1) координира, насочува и дава поддршка за креирање на политики и мерки за

унапредување на родовата еднаквост;

2) го следи спроведувањето на политиките, мерките и алатките за родова еднаквост во годишните планови во областите на надлежност на органот;
3) ги изработува извештаите од член 31 став 1 точка 5 и 9 во соработка и со поддршка на другите организациони единици кои ги обезбедуваат потребните податоци;
4) подготвува, дава насоки и го координира изработувањето на тематските извештаи во соработка со другите организациони единици од член 31 став 1 точка 6;
5) го координира процесот и го подготвува оперативниот план од член 31 став 1 точка 8 во соработка со другите организациони единици;
6) ја следи и анализира состојбата со родовата еднаквост во областите од надлежност на органот;
7) ги координира активностите за јакнење на капацитетите за примена на овој закон на органот и учествува во изготвување на годишниот план за обуки за родова еднаквост на органот на државна управа;
8) објавува и дистрибуира информации поврзани со примената на овој закон;
9) соработува со Секретаријатот, учествува во меѓуресорски работни групи, работни координативни состаноци, соработува со другите органи на државна управа и едниците на локална самоуправа, здруженијата на граѓани и со другите субјекти.
10) врши други работи во согласност со овој закон.

(2) Координаторот, може да делегира задачи на заменикот од член 31 став 4 од овој закон и го вклучува во спроведувањето на задачите од став 1 од овој член.
(3) Заменикот за остварувањето на задачите од став 1 од овој член одговара на Координаторот.

**Државен завод за ревизија**
**Член 33**

Државниот завод за ревизија врши ревизии од областа на родова еднаквост утврдени со Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, а во согласност со Законот за државна ревизија.

**Државен завод за статистика**
**Член 34**

Државниот завод за статистика ги врши следните работи:

1) Прибира, обработува и дисеминира родово-разделени податоци и родова статистика;
2) Прибира, обработува и дисеминира податоци разделени по пол и други варијабли што ќе овозможат анализа на интерсекциските нееднаквости;
3) Учествува во утврдување на потребите за родова статистика во државата;
4) Дава мислење и предлага иницијативи при воведување на нови и при дополнување на постоечките збирки на податоци кои можат да бидат извор на податоци за родова статистика;
5) Развива и објавува родови индикатори за анализа на улогите, состојбите, условите и потребите на жените и мажите;
6) Изработува и објавува Индекс на Родова еднаквост на секои две години согласно методологијата на Европскиот институт за родова еднаквост;
7) Воспоставува родово сензитивни дефиниции и стандарди во статистичките истражувања секаде каде што е применливо; и

DRAFT

8) Врши други работи во согласност со глава 4 од овој закон.

**Единици на локална самоуправа**
**Член 35**

(1) Единиците на локалната самоуправа ги вршат следните работи:
1) ја следат состојбата, планираат и спроведуваат политики и мерки за унапредување на родовата еднаквост во секоја од областите на надлежност;
2) утврдуваат приоритети, цели, показатели на напредок, мерки и активности за родовата еднаквост во годишните и развојните планови и буџети, во секоја од областите од надлежност на единицата на локална самоуправа;
3) пред изготвување на прописите на единицата на локална самоуправа, спроведуваат анкети, организираат јавни консултации и прибираат предлози од граѓаните за прашања поврзани со унапредувањето на родовата еднаквост;
4) соработуваат со здруженија и фондации, социјални партнери, неформални групи, други институции на локално ниво и други единици на локална самоуправа за унапредување на родовата еднаквост;
5) организираат, спроведуваат и обезбедуваат учество на обука за спроведување на овој закон за новоизбраните градоначалници и членови на совет, најдоцна во рок од 6 месеци од изборот;
6) ги објавуваат на својата веб страница политиките, мерките и извештаите за унапредување на родовата еднаквост;
7) обезбедуваат балансирано учество во сите органи и тела кои ги избираат и именуваат и објавуваат родово разделени податоци на веб страната на општината, најмалку еднаш годишно;
8) формираат Комисија за родова еднаквост, како постојано тело со одлука на Советот на единицата на локалната самоуправа, а нејзиниот состав, надлежности, задачи и обврски ги утврдуваат во Статутот на единицата на локалната самоуправа;
9) спроведуваат почетна и континуирана едукација за вработените за извршување на работите од својата надлежност за родова еднаквост  преку обучувачи евидентирани во регистарот на Секретаријатот за РЕ и
10) Вршат други работи во согласност со глава 3 и 4 од овој закон.

(2) Единиците на локалната самоуправа со над 20 000 жители систематизираат посебно работно место Координатор за родова еднаквост (во понатамошниот текст: Координатор) Законот за административни службеници. За Заменик координатор за родова еднаквост се назначува лице од редот на вработените административни службеници.

(3) Координаторот покрај општите и посебните услови за административен службеник утврдени во Законот за административни службеници потребно е да ги исполнува и следните посебни услови:

-да има најмалку 2 години професионално искуство во спроведување активности за унапредување на родовата еднаквост; и

-да има искуство во креирање на јавни политики и стратешки документи на локално ниво.

(4) Координаторот одговара директно пред секретарот на општината.

(5) Општините кои имат помалку од 20 000 жители можат да назначат координатор од редот на вработените државни службеници или заедно со една или повеќе општини од истиот плански регион кои имаат помалку од 20 000 жители да вработат посебно лице, координатор.

(6) Начинот на извршување на задачите, начинот на плаќање и вработување општините од став 5 од овој член го уредуваат по пат на меѓуопштинска соработка.

(7) Координаторот од став 5 одговара непосредно пред градоначалникот на општината каде што е вработен.

**Совет на единицата на локалната самоуправа**

**Член 36**

Советот на единицата на локална самоуправа ги врши следните работи:

1) ги проценува и следи ефектите врз родовата еднаквост од прописите, годишните програми и буџети и други акти кои ги разгледува и донесува;
2) ги разгледува и усвојува извештаите на единицата на локална самоуправа и на правните лица основани од единицата на локалната самоуправа за постигнатите резултати во остварувањето на родовата еднаквост;
3) го усвојува и следи спроведувањето на годишниот план за обуки за родова еднаквост;
4) го разгледува и усвојува годишниот извештај за спроведување на обврските согласно овој закон, дава препораки за унапредување на спроведувањето и го следи нивното спроведување;
5) разгледува тематски извештаи и одлучува по иницијативи и предлози за унапредување на родовата еднаквост, во областите на надлежност;
6) дава препораки, утврдува мерки со рокови за нивно спроведување до градоначалникот, администрацијата и правните лица кои ги основа општината и други институции од области на нивна надлежност и го следи нивното спроведување;
7) го следи и оценува напредокот од спроведување на мерките и алатките за родова еднаквост кои ги презеле во согласност со глава 3 и 4 од овој закон на годишна тематска седница
8) организира јавни дебати за прашања од областа на родовата еднаквост;
9) обезбедува балансирано учество во телата и органите на општината кои ги избира и назначува; и
10) врши други работи во согласност со глава 3 и 4 од овој закон.

**Градоначалник**

**Член 37**

Градоначалникот на единицата на локална самоуправа ги врши следните работи:

1) планира, спроведува, следи, оценува и известува за мерките и алатките за родова еднаквост во согласност со глава 3 и глава 4 од овој закон, во сите области од надлежност на општината;
2) подготвува годишни оперативни планови за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост најдоцна до 31 декември за следната година;
3) подготвува извештај за спроведувањето на годишните оперативни планови од точка 4, најдоцна до 31 декември за тековната година и го доставува до Советот на единицата на локална самоуправа;
4) предлага и спроведува годишен план за обуки за родова еднаквост за единицата на локалната самоуправа;
5) иницира, предлага и спроведува прописи од надлежност на единицата на локалната самоуправа за унапредување на родовата еднаквост;
6) презема мерки и активности во рамки на своите надлежности во случај кога

извршувањето на прописите и развојната политика имаат негативни ефекти или ефект на стагнација врз родовата еднаквост;

7) доставува годишен извештај за спроведување на обврските согласно овој закон до Комисијата за родова еднаквост на единицата на локална самоуправа, до Советот и до Секретаријатот согласно Уредбата од член 27 став 1 точка 15, најдоцна до 31 март за претходната година и го објавува на веб страницата на општината;
8) подготвува тематски извештаи за родовите аспекти на тековни прашања и за потребата од промени во политиките во надлежност не општината, а со цел унапредување на родовата еднаквост и ги доставува до Советот;
9) го спроведува начелото на балансирано учество во рамки на единицата на локална самоуправа; и
10) врши други работи во согласност со глава 3 и 4 од овој закон.

**Комисија за родова еднаквост на единицата на локална самоуправа**

**Член 38**

(1) Комисијата за родова еднаквост на единицата на локалната самоуправа ги врши следните работи:

1) дава мислење по однос на материјалите и предлозите за седниците на Советот на единицата на локалната самоуправа од аспект на нивното влијание кон родовата еднаквост;
2) подготвува годишен план за седници во кој ги утврдува бројот и временската рамка на седниците, јавни расправи и тематските прашања, програмите и извештаите на единицата на локалната самоуправа кои ќе ги разгледува, најдоцна до 31 декември за следната година;
3) дава мислење за стратешките документи, буџети и програми од аспект на родова еднаквост, а особено при креирањето и донесувањето на стратегијата за развој на единицата на локалната самоуправа, при донесувањето на буџетот, статутот, програмата за работа на Советот и друго;
4) учествува во изработката и дава мислење за годишните оперативни планови од член 35 став 1 точка 2 и 3;
5) учествува во изработката на годишниот план за обуки од член 35 став 1 точка 4;
6) го разгледува и дава мислење на градоначалникот по извештајот од член 35 став 1 точка 3;
7) го разгледува и му предлага на Советот препораки по извештаите од член 34 став 1 точка 4 и 6;
8) бара и разгледува информации од службите за состојбата со родовата еднаквост во областите на надлежност на единицата на локалната самоуправа, дава препораки со рокови за унапредување на состојбите и го следи нивното спроведување;
9) дава препораки за унапредување на родовата интеграција во работата на органите на единицата на локалната самоуправа и општинската администрација и го следи нивното спроведување;
10) предлага мерки и активности до Советот со цел унапредување на родовата еднаквост;
11) ги разгледува и дава мислења по тематските извештаи член 35 став 1 точка 9 од овој закон; и
12) врши други работи за унапредување на родовата еднаквост.

(2) На седниците на комисијата може да присуствуваат и да учествуваат во дискусијата претставници на здруженија и фондации, социјални партнери, координаторот или заменикот и други заинтересирани лица, на покана на Комисијата или по сопствено барање, без право на глас.

DRAFT

**Координатор за родова еднаквост во единици на локална самоуправа**
**Член 39**

(1) Координаторот ги врши следните работи:
   1) го координира и учествува во спроведувањето на обврските од овој закон преку координација, насочување и стручна поддршка;
   2) учествува и дава насоки за креирање на политиките и мерките за родова еднаквост и интегрирање на родовата перспектива во сите политики;
   3) го следи и оценува спроведувањето на политиките, мерките и алатките за родова еднаквост во годишните планови во секоја од областите на надлежност на единицата на локална самоуправа;
   4) го координира процесот и ги изготвува извештаите од член 37 став 1 точка 2, 3, 8 и 9 и други извештаи за начинот и степенот на спроведување и резултатите од мерките и алатките за родова еднаквост, во координација и со поддршка на другите организациони единици кои ги обезбедуваат потребните податоци;
   5) ја следи и анализира состојбата со родовата еднаквост во секоја од областите од надлежност на единицата на локална самоуправа;
   6) ги координира активностите за јакнење на капацитетите за примена на овој закон во единицата на локална самоуправа и го изготвува годишниот план од член 37 став 1 точка 4;
   7) учествува во подготовката, ги следи и дава насоки за спроведувањето плановите од член 37 став 1 точка 2;
   8) го обезбедува објавувањето и дистрибуцијата на информациите поврзани со примената на овој закон;
   9) соработува со Секретаријатот, учествува во меѓуресорски работни групи, работни координативни состаноци, соработуваат со другите органи на државна управа и едници на локална самоуправа, здруженијата на граѓани и фондациите, социјалните пратнери и други субјекти; и
   10) Врши други работи во согласност со овој закон.

(2) За потребите во извршување на работните задачи на координаторот му се обезбедува пристап до информациите и податоците од другите организациони единици и институции основани од единицата на локалната самоуправа.

(3) Координаторот, може да делегира задачи на заменикот и го вклучува во спроведувањето на задачите од став 1 од овој член.

(4) Заменикот за остварувањето на задачите од став 1 од овој член одговара на Координаторот.

**Органи за заштита на човекови права**
**Член 40**

(1) Народниот правобранител и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во рамки на своите надлежности и овластувања кои произлегуваат од посебните закони со кои се формирани, преземаат мерки и активности насочени кон спроведување на целите, мерките и активностите согласно овој закон.

(2) Секое лице кое смета дека претрпело дискриминација согласно овој закон може да поднесе претставка пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Народниот правобранител согласно посебните закони кои ја уредуваат работата на овие

органи

(3) Лицата од став 2 на овој член имаат право да бидат информирани од овие органи за нивните права и можности да поведат судска или друга постапка за заштита од дискриминација.

**Медиуми**
**Член 41**

(1) Медиумите преку нивните програми и содржини придонесуваат во развивањето и подигањето на свеста за родовата еднаквост.
(2) Јавното прикажување и претставување на лице или група во медиумите не смее да се остварува на навредлив, омаловажувачки или понижувачки начин, врз основа на пол, род и родов идентитет земајќи предвид дека дискриминацијата и говорот на омраза се забранети со закон.
(3) Медиумите имаат обврска да не емитуваат програми со кои се шират идеите за инфериорност на жените и кои поттикуваат дискриминација.
(4) Медиумите имаат обврска да обезбедат балансирано учество на жените и мажите во програмите кои ги емитуваат секогаш кога имаат можност тоа да го направат.
(5) Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го следи начинот на прикажување и претставување на жените и мажите и лицата со разновидни родови идентитети во програмите и содржините на медиумите за кои е законски надлежна да врши надзор и еднаш годишно поднесува извештај до Собранието.
(6) Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги еднаш годишно подготвува анализа на третманот на родовите прашања во програмите и содржините на медиумите за кои е законски надлежна да врши надзор, ја доставува до Собранието на разгледување и усвојување и да ја објавува на својата веб страница.
(7) Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги спроведува почетна и континуирана едукација за вработените за извршување на работите од својата надлежност за родова еднаквост преку обучувачи евидентирани во регистарот на Секретаријатот за РЕ.

**Политички партии**
**Член 42**

Политичките партии ги вршат следите работи:

1) го уредуваат во своите акти начинот и мерките за унапредување на родовата еднаквост во органите и телата на партиите;
2) обезбедуваат балансирано учество во органите и телата на политичката партија и објавуваат родово разделени податоци на нивната веб страна, најмалку еднаш годишно;
3) изготвуваат и објавуваат програми за унапредување на родовата еднаквост во партијата преку користење на родовите алатки, и
4) вршат други работи во согласност со глава 3 и 4 од овој закон.

Опција 1- Предлог да се врати судската заштита:
5. СУДСКА ЗАШТИТА
Тужба
Член XX

(1) Лицето на кое му се повредени правата од овој закон може да поднесе тужба пред надлежен суд.
(2) Во постапката соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка и Законот за спречување и заштита од дискриминација, доколку со овој закон не е поинаку определено.
(3) Постапката е итна.

Тужба од јавен интерес (actio popularis)
Член XX

(1) Здруженија на граѓани, фондации, социјални партнери и други неформални групи кои имаат оправдан интерес за заштита на правата на групи или лица врз основа на пол, род, родов идентитет, бременост и мајчинство или во рамките на својата дејност се занимаваат со родова еднаквост, можат да поднесат тужба, ако направат веројатно дека со неспроведување на законот од страна на тужениот се повредуваат правата или не се уживаат придобивките од спроведувањето на законот на лице или група лица.
(2) Во тужбата од став 1 на овој член, може да се истакне барање:
1)да се утврди дека тужениот го повредил правото на група лица,  односно со неспроведување на законот пропуштил да создаде услови во кои групата може целосно и непречено да ги ужива правата и придобивките од овој закон;
2)да се забрани преземање дејствија со кои се повредуват или може да се повредат правата на групата лица чии интереси ги застапува тужителот;
3) да се наложи да се извршат дејствија со кои се отстрануваат последиците од повреда на правата и/или од неспроведување на законот;
4) да се наложи преземање на дејствија за спроведување на одредбите од законот;
5) да се надомести материјалната и нематеријалната штета причинета со повреда на правото на лицето; и
6) да се објави диспозитивот на пресудата во средствата за јавно информирање во пристапен формат на трошок на тужениот.

Месна надлежност
Член XX

Во постапката од член 34 и 36 месно надлежен, покрај судот од општа месна надлежност е и судот на чие подрачје е живеалиштето или седиштето на тужителот.

Товар на докажување
Член XX
(1)Тужителот е должен да ги изнесе фактите што го прават тврдењето веројатно и тогаш товарот на докажување преминува на тужениот да докаже дека не постои повреда на законот.
(2) Одредбата од став 1 на овој член, не се применува во прекршочната и казнената постапка.

Докази
Член XX
Во судската постапка од член 34 и 36, покрај доказите пропишани во Законот за парничната постапка, како доказ можат да се користат и статистички податоци и/или податоци добиени со тестирање ситуација.
Судски трошоци

ЧленXX

(1) Лицата кои ќе поведат судска постапка од член 34 и 36 се ослободени од плаќање трошоци за судски такси.
(2) Трошоците за судски такси од став 1 на овој член, се на товар на Буџетот на Република Северна Македонија.
Учество на трети лица
Член XX
(1) Во парница по повод тужбата од член XX и XX од овој закон, може како замешувач на страна на тужителот, да се придружи орган, организација, установа, здружение или синдикат или друго лице кое во рамките на својата дејност се занимава со родова еднаквост за чиишто права се одлучува во постапката.
(2) За учеството на замешувачот одлучува судот со примена на одредбите на Законот за парничната постапка.

Опција 2 - Предлог член 43

Судска заштита
(1) Секое лице за кое се смета дека е дискриминирано согласно со овој закон може да поднесе тужба пред надлежниот граѓански суд.
(2) Во постапката се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка, освен ако со овој закон поинаку не е уредено.
(3) Постапката е итна.

## VI ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

**Член 44**

(1) Заради вршење на инспекциски надзор над спроведувањето и примената на овој закон и другите прописи во областа на родовата еднаквост, се формира посебно одделение за инспекциски надзор во рамки на Секретаријатот за родова еднаквост.
(2) За условите за вршење на должноста инспектор и раководењето со инспекциската служба, правата и обврските на инспекторот, обврските на инспекциската служба кон Инспекцискиот совет, постапката за вршење инспекциски надзор од страна на инспекциската служба и правата и обврските на субјектот на инспекциски надзор се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор.

**Член 45**

Инспекцискиот надзор опфаќа:
1) надзор над применувањето и спроведувањето на овој и друг закон, како и општите и поединечните акти донесени врз основа на истите, со кои се уредени работите од областа на родовата еднаквост;
2) надзор над работи од значење за родовата еднаквост; и
3) надзор над спроведување на изречените мерки при претходно извршен инспекцискиот надзор.

**Член 46**

Инспекцискиот надзор го вршат инспектори од инспекциската служба во одделението во рамки на Секретаријатот со стекната лиценца за инспектор за родова еднаквост.

**Член 47**

Инспекцискиот надзор согласно законот за инспекциски надзор, инспекторот го врши преку:
редовен инспекциски надзор;
контролен инспекциски надзор; и
вонреден инспекциски надзор.

**Член 48**

(1) Доколку при вршење на инспекциски надзор овластениот инспектор утврди дека е сторена неправилност од член 12 став 2 и 3; член 18 став 3 и 4; член 20 став 2 и 5; член 24 став 1 точка 7; член 26 став 1 точка 6, 11, 12, 13, 14 и 15; член 27 став 2 точка 3, 4 и 5 и став 3; член 29 став 1 точка 2, 3, 4, 5, 7, 8 и 9 и став 2; член 30 став 1 точка 3 и 5; член 32 став 1 точка 5 и 6; член 33 став 1 точка 7 и 8 и став 2 и 5; член 35 став 1 и точка 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9; член 37 став 1 точка 4, овластениот инспектор со решение изрекува опомена и определува рок во кој субјектот на инспекциски надзор е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците, утврдени со записник.
(2) Доколку по истекот на рокот определен при изрекувањето на опомената од став 1 на овој член, инспекторот утврди дека неправилностите и недостатоците сè уште не се отстранети, со решение изрекува друга инспекциска мерка, како задолжување, наредба, забрана и друга мерка, со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор.
(3) Решението од став 1 и 2 на овој член, се донесува веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на изготвувањето на записникот.
(4) Кога при вршењето на инспекцискиот надзор не се утврдени неправилности и други повреди на закон или друг пропис или утврдените неправилности се отстранети во текот на вршењето на инспекцискиот надзор или во рокот утврден со решението од став 1 на овој член, инспекторот ја запира постапката со констатација во записникот.
(5) По исклучок од став 2 на овој член, инспекторот може да изрече инспекциска мерка со усно решение наведено во записникот.
(6) Во случајот од став 5 на овој член, инспекторот е должен веднаш, а најдоцна во рокот утврден во став 3 на овој член, да донесе писмено решение за изрекување на инспекциската мерка.
(7) Секретаријатот води евиденција за изречените инспекциски мерки од став 1 и 2 на овој член.
(8) Формата и содржината на евиденцијата од став 7 на овој член ги пропишува заменик претседателот на Владата задолжен за родова еднаквост.

DRAFT

**Член 49**

(1) По жалба против инспекциски акти одлучува Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.
(2) Жалбата не го задржува извршувањето на решението.
(3) По исклучок, извршувањето на решението може да се одложи до конечната одлука по жалбата ако тоа природата на односите го дозволува, ако одлагањето не е спротивно на јавниот интерес и ако со извршувањето на решенијата би настапила штета на субјектот на надзорот или корисниците на неговите услуги.
(4) Предлогот за одложување на извршувањето на решението се изјавува во жалбата.

## VII ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 50**

(1) Глоба во износ од 350-500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на субјектот од член 3 став 1 од овој Закон доколку не го применува или постапува спротивно на Правилник од член 12 став 2 од овој закон.
(2) Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од став 1 на овој член на одговорното лице на субјектот од член 3 став 1 од овој Закон.
(3) Глоба во износ од 350-500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на субјектот од член 3 став 1 од овој Закон доколку не го применува или постапува спротивно на Правилник од член 18 став 3 и 4 од овој закон.
(4) Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од став 1 на овој член на одговорното лице на субјектот од член 3 став 1 од овој Закон.

**Член 51**

(1) Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на субјектот од член 3 став 1 од овој Закон доколку постапува спротивно на член 20 став 2 и 5 од овој закон.
(2) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на координаторот за родова еднаквост во Собранието доколку не ги исполнува обврските од член 23 став 1 точка 7 од овој закон.
(3) Глоба во износ од 300 во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорното лице или службеното лице во министерство или друг орган на државна управа доколку не ги исполнува обврските од член 29 став 1 точка 2, 3, 4, 5, 7, 8 и 9 и став 2 од овој закон.
(4) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на координаторот за родова еднаквост во министерствата и другите органи на државна управа доколку не ги исполнува обврските од член 30 став 1 точка 3 и 5 од овој закон.

**Член 52**

(1) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорно лице во правно лице од член 26 став 1 точка 6, 11, 12, 13, 14 и 15 од овој закон.
(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорно лице во правно лице од член 27 став 2 точка 3, 4 и 5 и став 3 од овој закон.

**Член 53**

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорно лице во Државниот завод за статистика доколку не ги исполнува обврските од член 32 став 1 точка 5 и 6 од овој закон.

**Член 54**

(1) Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на субјектот од член 3 став 1 од овој Закон доколку постапува спротивно на член 33 став 1 точка 7 и 8 и став 2 и 5 од овој закон.
(2) Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на градоначалникот доколку не постапи согласно член 35 став 1 и став 1 и точка 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од овој закон.
(3) Глоба во износ од 350 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на координаторот за родова еднаквост во единицата на локалната самоуправа доколку не постапи согласно со член 37 став 1 точка 4 од овој закон.

DRAFT

**Член 55**

Глоба во износ 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорно лице во правното лице доколку не постапи согласно со член 39 став 3, 4, 6 и 7.

**Член 56**

(1) За прекршоците утврдени во член 47, 48, 49, 50 и 51 од овој закон, надлежниот инспектор, пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка е должен на одговорното лице или од него овластено лице да му понуди постапка за порамнување со издавање прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоците.
(2) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува заменик претседателот на Владата задолжен за родова еднаквост.

**Член 57**

Одмерувањето на висината на глобата за правните лица се врши согласно со Законот за прекршоците.

**Член 58**

За прекршоците пропишани со овој закон прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.

**VIII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 59**

(1) Родовите механизми се формираат во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила на овој закон.
(2) Со формирањето на Секретаријатот, Ресурсниот центар станува негова организациона единица.
(3) До назначување на координаторите и заменик координаторите согласно овој закон, работите ги извршуваат постоечките координатори и заменици координатори на централно и локално ниво.

**Член 60**

Секретаријатот изработува прв извештај за спроведувањето на овој закон по две години од формирањето на Секретаријатот.

**Член 61**

(1) Називот на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите како постојано работно тело на Собранието се менува во Комисија за родова еднаквост и составот и надлежностите на Комисијата за родова еднаквост се усогласуваат согласно со одредбите од овој закон, во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) Називот на комисиите за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа како постојани работни тела на советите се менува во Комисија за родова еднаквост и составот и надлежностите на Комисијата за родова еднаквост се усогласуваат во актите на единицата на локалната самоуправа согласно со одредбите од овој закон, во рок од три/шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 62**

(1) Доколку нема тековна Стратегија за родова еднаквост од член 22 став 5 од овој закон, Собранието ја донесува во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

(2) Доколку нема тековен акциски план поСтратегијата за родова еднаквост од член 25 став 1 точка 10 од овој закон, Владата го донесува во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.
(3) Доколку немаат тековни годишни оперативни планови од член 29 став 1 точка 8 на овој закон, министерствата и другите органи на државната управа ги донесуваат во рок од еден месец од денот на влегување во сила на овој закон.

**Член 63**

Подзаконските акти предвидени со овој закон надлежните органи ќе ги донесат во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

**Член 64**

Законите кои содржат одредби за родова еднаквост и унапредување на статусот и правата на жените и законите кои ја уредуваат работата на субјектите од глава 5 од овој закон, Законот за инспекциски надзор ќе се усогласи со овој закон во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 65**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Закон за еднакви можности на жените и мажите и Законите за изменување и дополнување на законот за еднакви можности на мажите и жените од „Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и 53/21“.

**Член 66**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.

DRAFT